РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE

Број: / Numer: 05-1137/1
20.03.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15[1], а во врска со член 18 став 1 алинеја 18 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РМ" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на РСМ" бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24), членовите 4, 6, 7, 9, 10 и 11 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности („Службен весник на Република Македонија" бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 39 став 1 алинеи 1 и 15 и член 15 став 1 алинеја 17 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година и Заклучокот на Советот на Агенцијата арх.бр.02-999/3 од 19.03.2025 година, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ја донесе следната

# ОДЛУКА
## за доделување на финансиска помош - донација за настраданите граѓани во пожарот во Кочани на ден 16.03.2025 година

1. Се доделува финансиска помош - донација во вкупен износ од 1.500.000,00 (еден милион и петстотини илјади) денари, како помош за настраданите граѓани во стравичната несреќа - пожар кој се случи во Кочани на ден 16.03.2025 година, кои ќе се спроведат преку Црвениот крст на Република Северна Македонија, како примател на донацијата.

Примателот на донацијата ќе ги распредели финансиските средства од став 1 на оваа точка, според потребите на настраданите граѓани во пожарот во Кочани.

2. Финансиските средства од точката 1 од оваа Одлука, се издвојуваат од финансиските средства на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (во понатамошниот текст: Агенцијата) за 2025 година и се предвидени во Финансискиот план на Агенцијата за 2025 година, а се уплаќаат на посебна наменска сметка на Црвениот крст на Република Северна Македонија – Фонд на солидарноста Комерцијална банка АД Скопје, сметка број 300000001327966, даночен број: 4030984271620, со назнака: помош за настраданите граѓани во пожарот во Кочани.

3. За доделената финансиска помош – донација од точка 1 од оваа Одлука, се склучува Договор за донација помеѓу Агенцијата и Црвениот крст на Република Северна Македонија, кој стапува во сила веднаш по потпишувањето од страна на двете договорни страни, а ќе се применува по добиено позитивно мислење за јавниот интерес од страна на Министерството за правда на Република Северна Македонија.

4. Оваа Одлука влегува во сила со нејзиното донесување и ќе се објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## Образложение

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 15, а во врска со член 18 став 1 алинеја 18 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, членовите 4, 6, 7, 9, 10 и 11 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности, член 39

[1] Алинеите 8 и 9 се избришани, види: член 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.248/18)

став 1 алинеи 1 и 15 и член 15 став 1 алинеја 17 од Деловникот за работа на Агенцијата и Заклучокот на Советот на Агенцијата, арх.бр.02-999/3 од 19.03.2025 г., Директорот на Агенцијата донесе одлука за доделување финансиска помош - донација во вкупен износ од 1.500.000,00 (еден милион и петстотини илјади) денари како помош за настраданите граѓани во стравичната несреќа - пожар кој се случи во Кочани на ден 16.03.2025 година, кои ќе се спроведат преку Црвениот крст на Република Северна Македонија, како примател на донацијата. Примателот на донацијата ќе ги распредели доделените финансиски средства, според потребите на настраданите граѓани во пожарот во Кочани. Доделените финансиски средства од точката 1 од оваа Одлука, се издвојуваат од финансиските средства на Агенцијата за 2025 година и се предвидени во Финансискиот план на Агенцијата за 2025 година, а се уплаќаат на посебна наменска сметката на Црвениот крст на Република Северна Македонија – Фонд на солидарноста, Комерцијална банка АД Скопје, сметка број 300000001327966, даночен број: 4030984271620, со назнака: помош за настраданите граѓани во пожарот во Кочани. За предметната доделена финансиска помош, се склучува Договор за донација помеѓу Агенцијата и Црвениот крст на Република Северна Македонија, кој стапува во сила веднаш по потпишувањето од страна на двете договорни страни, а ќе се применува по добиено позитивно мислење за јавниот интерес од страна на Министерството за правда на РСМ.

Оваа Одлука влегува во сила со нејзиното донесување и ќе се објави на веб страницата на Агенцијата.

Врз основа на погоре наведеното се донесе одлука како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

Примерок од одлуката да се достави до:

- Министерството за правда на РСМ;
- Црвен крст на Република Северна Македонија;
- Секторот за финансии и логистика;
- Секторот за правни работи и јавни набавки и
- Секторот за информатичка поддршка и општи работи - Архивата на Агенцијата.